Проект Меки вештини како алатка за креативност во руралните области
2020-1-FR01-KA204-079841

| 1) ИМЕ И ОПИС НА АЛАТКАТА |
| --- |
| За оваа вежба се користи групна дискусија на одредена тема. Се прави групна дискусија со цел да се оцени темата. Група на учесници, (за оваа вежба би биле доволни помеѓу 5-8 учесници), разговараат на темата во ограничено време и потоа соодветно се оценуваат. Од групата се бара да разговараат за темата меѓу себе во времетрење од 20 минути. Додека групата разговара за ова прашање, обучувачот тивко го набљудува секој кандидат на различни однапред одредени параметри. Параметрите ќе бидат поврзани со вештините за критичко размислување. Обучувачот зема белешки за секој учесник врз основа на неговите/нејзините индивидуални перформанси. |

| 2) ЦЕЛ НА АЛАТКАТА |
| --- |
| Целта на алатката е да развие вештини за критичко размислување. Бидејќи процесите на критичко размислување како што се утврдување на проблемот, евалуација на проблемот и изнаоѓање решенија и донесување заклучок може да се разгледаат во текот на дискусијата. Учесниците ќе го искористат процесот за тема која е поврзана со нивниот деловен живот. |

| 3) ПОВРЗАНОСТ НА АЛАТКАТА СО ВЕШТИНАТА |
| --- |
| Оваа алатка ќе ги поддржи учесниците да ги развијат своите вештини за критичко размислување и ќе им даде можност да го искусат процесот. Додека го развиваат, тие ќе добијат поддршка и од другите учесници. Групната дискусија, исто така, ќе им покаже на учесниците дека можеби нема само една причина, а исто така не само едно решение. |

| 4) РЕСУРСИ И МАТЕРИЈАЛИ |
| --- |
| Потребни се хартија и пенкало за запишување на потребните белешки. |

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус+. Европската комисија и Француската национална агенција не можат да бидат одговорни за каква било употреба на информациите содржани овде.

| 5) ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АЛАТКАТА |
| --- |
| - - Чекор 1, 3 минути: Обучувачот ги објаснува деталите од групната дискусија како што се; Тема, времетраење, членови на групата и како ќе биде презентацијата.<br>- - Чекор 2, 3 минути: Одредување на групите. Секој учесник брои од 1 до 3 (ако има вкупно 3 групи). Секој учесника со бројот 1 ќе биде група 1, па бројот 2 ќе биде група 2 итн.<br>- - Чекор 3, 20 минути: Групната дискусија започнува и ќе заврши по 20 мин. По еден учесник од секоја група ќе ги запише заклучоците од групата.<br>- - Чекор 4, 5 минути: Презентациите ќе бидат на пред сите. 1 учесник од секоја група ќе ги презентира своите белешки во 3 минути.<br>- - Чекор 5, 5 минути: Обучувачот ги презентира своите белешки кои се земени при прегледот на дискусиите. |

| 6) РЕЗУЛТАТИ |
| --- |
| - - Секој учесник учи како вештина за критичко размислување може да се користи во проблеми.<br>- - Секој учесник учи да не биде предрасуден туку да оценува пред да донесе заклучок<br>- - Секој учесник учи да поставува дијагноза со рационално размислување наместо со емоционално дејствување<br>- - Секој учесник го доживува процесот на критичко размислување не индивидуално туку во група. Така, тие ја добиваат потребната поддршка еден од друг. |

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус+. Европската комисија и Француската национална агенција не можат да бидат одговорни за каква било употреба на информациите содржани овде.